[redacted]

( Образец ПП.....)

Прилог 1

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETEROR PER PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | 15-01-2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Единица Nj. Organizative | Број Numri | Прилог Shtojce | Вредност Vlera |
| 03 | 205/1 | | |

до:

**Државна комисија за спречување на корупцијата**
Бул. Пресвета Богородица бр.3
1000 Скопје
Емаил: b.abazi@dksk.org.mk

# БАРАЊЕ

## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: [redacted]

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник полномошник на барателот на информацијата:
[redacted]

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, емаил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ги барам следниве информации од јавен карактер:

- Документацијата која од страна на Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК), е доставена до Инспекцискиот совет на 25.09.2019 година и соодветно дополнување на истата на 30.09.2019 година, со која се известува Инспекцискиот совет дека ДКСК утврдила судир на интереси кај инспекторот [redacted], при вршење на вонреден инспекциски надзор во [redacted], на 06.06.2019 година.

- Одлуката од предметот кој по заклучок на ДКСК е отворен во Одделението за спречување судир на интереси за Државниот просветен инспектор [redacted] (број на предмет 09-4223 од 2019 година);

- Одлуката за изрекување глоба за констатирана состојба на судир на интереси на Државниот просветен инспектор [redacted] од 2019 година, во врска со спроведениот вонреден инспекциски надзор на 06.06.2019 година, на [redacted]

Во изјавата на претседателот на Инспекциски совет, Магдалена Филиповска Грашкоска, на 12.11.2019 год., објавена на: https://m.makpress.mk/Home/PostDetails?postId=319013, дадени се конкретни информации за текот на постапката за утврдување на дисциплинска одговорност на Државниот просветен инспектор [redacted], дека:

- Од страна на Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК), до Инспекцискиот совет била доставена соодветна документација на 25.09.2019 год. и соодветно дополнување на 30.09.2019 год., со која биле известени дека ДКСК утврдила судир на интереси кај инспекторот [redacted] при вршење на вонреден инспекциски надзор на [redacted]

- На јавна седница на Инспекцискиот совет на 08.10.2019 год., донесен е заклучок дека претставката поднесена од инспекторот [redacted] за постапувањето на инспекторот [redacted] е основана;

- На седница на Инспекцискиот совет на 17.10.2019 год., надлежниот член на Инспекцискиот совет, поднел барање за поведување на дисциплинска постапка;

- На седница на 21.11.2019 год., формирана е дисциплинска комисија и на седница на Инспекцискиот совет на 21.11.2019 год., донесена е одлуката за привремено одземање на лиценцата на инспектор [redacted]

- Дисциплинската комисија формирана на седницата на 21.11.2019 год., имала рок од 20 дена да донесе одлука за евентуална одговорност на инспекторот [redacted]

Исто така, постојат информации дека од страна на Инспекцискиот совет се водела дисциплинската постапка за Државниот просветен инспектор [redacted] објавено на 03.12.2019 год., на https://fakulteti.mk/news/03122019/kje-ima-li-nova-proverka-na-zvanjata-na-funkcionerite-antikorupciska-pobara-odgovornost-za-inspektorot-afrim-saljiu

(опис на информацијата кор се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис

- д) друго

____________________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго

____________________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

Во Охрид, 13.01.2025 година

[redacted]

[redacted]

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр. / Nr. 03-205/2
29-01-2025 г./v

Врз основа на член 20 став 1 и 2 и член 27 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019) Државната комисија за спречување на корупцијата (во понатамошниот текст: ДКСК) постапувајќи по барање за пристап до информации од јавен карактер бр. 03-205/1 од 15.01.2024 година, доставено од [redacted] преку застапник полномошник на барателот [redacted], го донесе, следното

## РЕШЕНИЕ

Барањето за пристап до информации од јавен карактер заведено под бр. 03-205/1 од 15.01.2025 година, доставено до ДКСК, **ДЕЛУМНО СЕ ОДБИВА.**

До барателот бараните документите за кој е одобрен пристапот да се достават на начин наведено во барањето.

Ова решение стапува во сила со денот на донесувањето.

## *Образложение*

Од страна на [redacted] во електронска форма (преку е-маил) е поднесено барање за пристап до информации од јавен карактер заведен под наш архивски бр. 03-205/1 од 15.01.2025 година со кое побара:

*„Документација која од страна на Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК), е доставена до Инспекцискиот совет на 25.09.2019 година и соодветно дополнување на истата на 30.09.2019 година, со која се известува Инспекцискиот совет дека ДКСК утврдила судир на интереси кај инспекторот [redacted], при вршење на вонреден инспекциски надзор во [redacted], на 06.06.2019 година*

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

*Одлука од предметот кој по заклучок на ДКСК е отворен во Одделението за спречување на судир на интереси за Државниот просветен инспектор [redacted] (бр. на предмет 09-4223 од 2019 година)*
*Одлука за изрекување на глоба за констатирана состојба на судир на интереси на Државниот просветен инспектор [redacted] од 2019 година во врска со спроведениот вонреден инспекциски надзор на 06.06.2019 година, на [redacted]*

По разгледување на барањето се констатираше следното:

ДКСК, како имател на информации од јавен карактер, располага со бараните документи и истите се приложени како дел од предметот оформен по добиена пријава со бр. 12-2682/1 од 02.04.2019 година доставена од познат подносител, со наводи за незаконско унапредување на јавни функционери во наставно – научни звања во [redacted], предметот е завршен ДКСК на 22-та седница одржана на ден 17 септември 2019 година донесе Одлука бр. 12-2682/32 од 23.09.2019 година и на 63-та седница одржана на ден 15.03.2022 година ДКСК Одлука бр. 12-506/2 од 21.03.2022 во врска со предметната пријава од каде произлегуваат податоците и наводите како основ од пријавата за сомневање за постоење на можен судир на интереси.

Понатаму ДКСК оформил предмет со службена белешка бр. 09-4223/1 од 10.09.2019 година по заклучок на колегиум одржан ден 06.09.2019 година, се работи за предмет со наводи за постоење на судир на интереси кај државниот просветен инспектор.

По предметот во насока на утврдување на фактичка состојба во конкретниот случај, ДКСК побара информации и документација од надлежната институција и на седница одржана на ден 07.02.2020 година, по разгледување на сите предметни наводи, ДКСК донесе Одлука со која се запира постапката по предметот бр. 09-4223/1 од 10.09.2019 година, бидејќи нема елементи за натамошното постапување по предметот, затоа што по утврдена повреда на член 72 и член 75 став 1 од ЗСКСИ од страна на државен просветен инспектор и доставената Иницијатива за поведување на постапка за утврдување на одговорност до Инспекцискиот совет на РСМ, кој што утврди дисциплински престап од член 19-а став 2 алинеја 7 од Законот за инспекциски надзор. По завршување на постапката ДКСК одлуката ја има објавено на веб страницата на ДКСК во деперсонализирана форма.

Од страна на ДКСК на државниот просветен инспектор на ден 21.09.2019 година му е издаден записник за констатиран прекршок и прекршочен платен налог согласно член 75 став 1 од ЗСКСИ, а казнив по член 107 став 1 алинеја 2 од ЗСКСИ со опис на дејствието со кое е сторен прекршокот: службеното лице извршило вонреден инспекциски надзор на еден Државен универзитет каде е вработено негово блиско лице и не побарал да се изземе и да запре со своето постапување, по спроведување на постапка за порамнување сторителот ја платил глобата во законски предвидениот рок и со тоа е исполнета постапката за порамнување согласно Законот за прекршоците.

Документите кои се бараат содржат лични податоци кои се заштитени со закон исто така се дел од податоците до кои дошла ДКСК при водење на постапка за утврдување постоење судир на интереси а претставуваат податоци кои се заштитени исто така со закон.

Согласно член 6 став 1 т.2 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, имателите на информации можат да одбијат барање за пристап до информација согласно со закон ако информацијата се однесува на личен податок чие откривање би значело повреда на личните податоци.

Согласно член 4 став 1 т.1 од Законот за заштита на личните податоци личен податок Личен податок е секоја информација која се однесува на идентификувано физичко лице или физичко лице кое може да се идентификува (субјект на лични податоци), а физичко лице кое може да се идентификува е лице чиј идентитет може да се утврди директно или индиректно, посебно врз основа на идентификатор како што се име и презиме, матичен број на граѓанинот, податоци за локација, идентификатор преку интернет, или врз основа на едно или повеќе обележја специфични за неговиот физички, физиолошки, генетски, ментален, економски, културен или социјален идентитет на тоа физичко лице.

Согласно член 96 став 5 од Законот за заштита на личните податоци Забрането е давање на лични податоци на користење на корисник чија обработка, односно користење не може да се врши согласно со одредбите од членовите 10 и 13 од овој закон и доколку целта заради која се бараат личните податоци е во спротивност со членот 9 став (1) алинеја 2 од овој закон.

Согласно член 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" број 12/2019),

Државната комисија постапува по предмети оформени по сопствена иницијатива или врз основа на добиени пријави.

Согласно член 7 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси секој има право да пријави сомневање или сознание за корупција и да биде заштитен согласно со закон.

Согласно член 80 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси ДКСК ја известува јавноста за случаите на судир на интереси по кои таа постапувала, во согласност со закон

Согласно член 80 став 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси ДКСК е должна податоците до кои дошла при водење на постапка за утврдување на судир на интереси да ги штити од злоупотреба за дискриминирање или омаловажување на службеното лице.

Согласно член 81 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси податоците за службеното лице до кои ДКСК дошла во вршењето на работите од своја надлежност можат да им се даваат на увид на судовите, инспекциските органи и другите надлежни органи, со тоа што податоците не сее да се злоупотребуваат за дискриминирање или омаловажување на службеното лице или јавно да се објавуваат како да се податоци што ги утврдил судот или друг надлежен орган.

ДКСК, постапувајќи во смисла на член 6 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, а во врска со член 3 став 1 точка 6 од истиот закон, ги разгледа последиците кои можат да настанат доколку позитивно одговори на барањето и бараните документи го достави до барателот и тоа: интересот кој се заштитува во однос на јавниот интерес кој би се постигнал со доставување на бараниот документ и тоа: правото на пристап кон информациите, начелото на јавност и јавна контрола на вршење на власта, јавните овластувања, службената должност и положба, како и работите од јавен интерес и сл.

Согласно член 25 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер имателот на информацијата може во целост или делумно да го одбие барањето, ако утврди дека бараната информација е информација од членот 6 став 1 од овој закон, имајќи го во предвид резултатот од спроведениот тест за штетност.

По разгледување на резултатите од спроведениот тест за штетност, односно по разгледување на последиците врз интересот кој се заштитува во однос на јавниот интерес кој би се постигнал со доставување документите, а имајќи го предвид фактот дека, согласно член 80 став 1 и 2 и член 81 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК смета дека доколку бараните информации се доставаат до барателот, штетните последици врз интересот кој се заштитува се поголеми во однос на јавниот интерес.

Во прилог на спроведувањето на тестот на штетност во конкретниот случај ДКСК посебно ја разгледа можноста за овозможување на делумен пристап на барателот до бараните документи во смисла на член 7 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. При разгледување на таква можност, ДКСК констатира дека освен од документацијата дел од предметот оформен по добиена пријава со бр. 12-2682/1 од 02.04.2019 година доставена од познат подносител, со наводи за незаконско унапредување на јавни функционери во наставно – научни звања во Државниот универзитет во Тетово од каде произлегуваат податоците и наводите како основ од пријавата за сомневање за постоење на можен судир на интереси и кои се заштитени со закон, неколку документи можат да бидат одвоени податоците кои се заштитени со закон од документите без при тоа да се загрози нивната безбедност и тоа:

- Одлука бр. 12-2682/32 од 23.09.2019 година и на 63-та седница одржана на ден 15.03.2022 година ДКСК и Одлука бр. 12-506/2 од 21.03.2022 во врска со предметната пријава од каде произлегуваат податоците и наводите како основ од пријавата за сомневање за постоење на можен судир на интереси.
- Службена белешка за оформување на предмет по заклучок на колегиум на ДКСК бр. 09-4223/1 од 10.09.2019 година.
- Иницијатива до Инспекциски совет бр. 09-4233/4 од 21.09.2019 година
- Достава на податоци информации од Инспекциски совет бр. 09-4223/6 од 10.10.2019 година
- Известување од Инспекциски совет бр. 09-250/1 од 15.01.2020 година и
- Одлука на ДКСК бр. 09-250/2 од 12.02.2020 година.

Горенаведените документи се дел од предметот за што ДКСК процени дека со објава на овие документи не би имало повреда на личните податоци како и повреда на одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Од сето погоре наведеното, а согласно со одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, ДКСК одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Против ова решение дозволена е жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на истото

**Претседател**
**Татјана Димитровска**

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut

**Изготвил:** Бурим Абази – Службено лице,
**Одобрил:** Адем Чулуљ – Генерален секретар,

Да се достави до:
- подносителот